Врз основа на член 9, член 28, член 29 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000,50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009,67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016 и 142/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 11 септември 2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија број18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015 и 191/2015 ), во членот 59 ставот 4 се менува и гласи:

"Во случај на потреба од утврдување на вредностите на простата специфичен антиген (ПСА), осигуреното лице биохемиските лабораториски испитување ги користи врз на основа на однапред закажано испитување од страна на избраниот лекар од дејноста општа медицина .

Во членот 59 се додава нов став 5 кој гласи:

"Биохемиско лабораториските испитувања од став 2, 3 и 4 осигуреното лице ги користи на пропишан образец, Лабораториски упат – 2 (Образец - ЛУ2).

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

**Број: 02-**13781/1
15. 09. 2016 **2016 година**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Елена Трпковска**

Изготвил: Јасмина Смилевска
Д-р Игор Неловски
Бранко Аџигогов
Согласен: Даниела Јовческа Ѓуроска
Директор: Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani